*УЧИЛИШЕН ВЕСНИК БР. 3*

**ООУ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

**СКУДРИЊЕ**

**МАВРОВО И РОСТУШЕ**

# *МЛАДОСТ*



Бесплатен примерок Мај 2022 год.

# 74 години воспитно-образовен процес - Скудриње 24 години ООУ „Блаже Конески" СКУДРИЊЕ

Почитувани, со издавањето на третиот број на нашиот училишен весник сакаме да ја доловиме работата во нашето училиште како современа воспитно-образовна установа - отворена кон потребите на учениците, наставниците и локалната заедница, препознатлива по високите училишни достигнувања и подготвеност за континуиран развој со силна заложба и посветеност од секој вработен во училиштето да придонесуваме во реализацијата на нашата мисија и визија.

Измина период на пандемија кој го промени животот на луѓето ,учениците, родителите, наставниците, ги промени навиките, внесе немир во секој дом.

За момент замре детскиот џагор и во нашето училиште цела една година, период на неизвесност, но сето ова што не нападна не направи посилни, посовесни и поамбициозни.

Реализацијата на наставниот процес во услови на пандемија стана предизвик на кој успешно одговорија нашите наставници со искрена подршка на вас родителите и подршка од локалната власт.

Денес ние остануваме доследно посветени на нашата мисија да обезбедиме добра подготовка, современа настава, а наставниците да ги водат учениците на патот кон подобра иднина.

## Мисија

Реализација на современи програми за задоволување на потребите на учениците и поттикнување на доживотно учење

Во овој момент додека го читате нашиот и ваш училишен весник Ви посакувам добро здравје, среќа, радост, а со тоа и Вашиот живот биде исполнет со убави моменти, и секој ден негова нова страница со исполнета желба.

Да се чуваме од секое зло, зрачете со

## Визија

ООУ„Блаже Конески„-Скудриње-училиште со современа, ефикасна и квалитетна настава, прилагодена на потребите и интересите на учениците во една безбедна и дисциплинирана средина

**МОТО: КВАЛИТЕТНО ЗНАЕЊЕ ПАТОКАЗ ЗА ИДНИНАТА**

# ДИРЕКТОР

ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

## БЕШИР РАМАДАНИ



Роден во с. Скудриње Своето основно образование го завршив во родното село. Средно образование завршив во Средното музичко училиште во Штип . Дипломирав на Факултетот за музичка уметност –отсек музичка теорија и педагогија при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј’’ во Скопје. Како прв човек кој носи одлуки во една воспитно-образовна инстутуција не е ни најмалку едноставна работа , таа носи многу одговорност , бара посветеност и време.

Соработката со вработените кои ги релизираат работните задачи ,одговорно, точно со посветеност, зборуваат резултатите на учениците.

Со помош на Министерството за образование и наука, локалната самоуправа, разни проекти, спонзорства и со несебично залагање на вработените, училишниот одбор и советот на родители го издигнуваме нашето училиште на рамниште со успешните во нашата држава.

**ЕДУКАЦИЈАТА НЕ СЕ ГРАДИ, СЕ ГРАДАТ И РАЗВИВААТ ЛУЃЕТО ШТО ЈА ВОДАТ ЕДУКАЦИЈАТА**

## ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

Основното училиштето ,,Блаже Конески“-- Скудриње, Маврово и Ростуше е верифицирано со Решение бр. 1014/65 од 1.09.1996 година од Министерството за образование и наука . Во училиштето се организира и изведува настава за ученици од I до IX одделение. Училиштето е лоцирано во с.Скудриње со подрачни училишта во Присојница и Аџиевци, email:blazekoneskiskud@gmail.com, facebook страна: OU Blaze Koneski Skudrinje. Во поглед на внатрешна опременост, треба да се спомене дека во училиштето постојат 8 училници кои ги задоволуваат стандардите. Училниците се опремени со соодветни нагледни средста за кабинетска настава по физика, хемија, биологија, математика со Смарт-телевизори како и кабинет со персонални компјутери за користење на информатичката технологија во наставата,а до сите училници е достапен интернет што го обезбедува училиштето а учениците можат да спортуваат на убаво опремено и оградено спортско игралиште. Во учебната 2021 / 2022 година беа опфатени вкупно 168 ученика во редовната настава распоредени во 17 паралелките Воспитно-образовната дејност на училиштето ја остварува 38 лица. Стручноста на кадарот е според законските барања за основно образование.

# МАТЕМАТИКА



- Не грижете се за вашите потешкотии со математиката. Ве уверувам дека моите се уште поголеми. - Алберт Ајнштајн
- Не е во тоа што си постигнал, туку што си пребродил. Тоа ја одредува твојата кариера. - Carlton Fisk
- Ученикот не е лонец што треба да се наполни, туку факел што треба да се запали.-стара мудра изрека
- Одбери работа која ја сакаш, и нема да треба да работиш ниеден ден во твојот живот – Конфучи







НАТПРЕВАРИ / УЧИЛИШЕН 2022/ ПРВО МЕСТО /9 ОДДЕЛЕНИЕ *РАХМИНА КУРТОСКА*, 8 ОДДЕЛЕНИЕ *АНЕЛА РАМАДАНИ*, 7 ОДДЕЛЕНИЕ *БЕЛКИСА АБДУЛИ*









**ПЕСНА ЗА ГЕОМЕТРИСКИТЕ ТЕЛА**

Јас сум квадрат луѓе бистри,
сите страни ми се исти.
Со две страни како пат,
правоаголник сум јас.
Како обрач имам става,
тркалезна,тенка,лесна,
Кружница се викам а не топка,
ако грешиш ќе те плеснам.
Триаголник ја с сум црвен,
можам да сум книжен,дрвен.
Најважен од сите вас,
на секоја свадба-сват
***Реџеп Абдули***

Во време на манипулативни вистини, оспорени лаги, релативна опстојност во вистината, постојана хипокризија во науката и на крај како последица од сето тоа неминовната параноја при расудувањето, единствен компас во магливиот хаос од сезнењето е математиката

ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ

Амела Ајдини | Гафур Адеми | Рахмина и Семина









# ГЕОГРАФИЈА

## 25 ГОДИНИ УЧЕСТВО НА ДРЖАВНИ НАТПРЕВАРИ



♦ Покрај редовната настава во нашето училиште работат и повеќе секции меѓу кои работи и секцијата Млади Географи во која покрај големиот број активности успешно работиме во подготовка на учениците за општински, регионални и државни натпревари. Со неа раководи Проф. Медат Арслани дипломиран професор по географија уште од далечната 1996 година .

Во своето 29 годишно работно искуство дава голем придонес во воспитувањето и образованието на младите поколенија како и во афирмацијата на нашиот регион и општината во нашата држава. Од 2005 до денес е координатор за одржување на општински и регионални натпревари при Македонското географско друштво и е член на управниот одбор на Македонското географско друштво. За подобрување на воспитно- образовниот процес досега учествува на над 60 обуки, семинари и симпозиуми за што сведочат и голем број сертификати и потврди. При тоа заедно со учениците учествува на повеќе општински, регионални и 25 државни натпревари на кои има постигнато солидни резултати и има освоено повеќе награди и признанија .Во оваа прилика сакав да се потсетиме на дел од учениците кои учествувале на општински, регионални и државни натпревари: Агрон Незироски, Лиман Зеќири, Елсан Емрули, Нермин Кадрију, Адмир Абдиу, Ерсен Селими, Садмин Џафери, Бехима Јакупоска,Мевлуда Селими, Атиџа Рамадани, Бејхан Муслиу,Ерхан Зеќири, Ерол Ибраими, Хаким Велију, Ариф Алиу , Амела Ајдини, Бехим Јакупоски ,Хадиса Муслију,Гафур Адеми,Исмет Курто, Семина Алију, Феим Алију , Севгим Емини, Мустафа Емини , Ајша Јакупоска, Рахмина Куртовска и многу други нека простат ако сум заборавил некого .









Здружение на професори по географија на Македонија
„ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ" - СКОПЈЕ
доделува

Пофалница

на

Медат Арслани

за освоено
ПРВО МЕСТО
ментор на регионален натпревар за ученици од основни училишта по наставен предмет Географија

Скопје, 04.04.2021 година

Претседател,
Проф. д-р Аце Миленковски







Здружение на професори по географија на Македонија
„ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ" - СКОПЈЕ
доделува

ПОфалница

на

Медат Арслани

за освоено
ВТОРО МЕСТО
ментор на регионален натпревар за ученици од основни училишта по наставен предмет Географија

Скопје, 04.04.2021 година

Претседател,
Проф. д-р Аце Миленковски







# ИНТЕРЕСНИ ФАКТИ

## ГЕОГРАФСКА СЕКЦИЈА

## 10 ИНТЕРЕСНИ ФАКТИ ЗА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА



1. Земјата е трета планета по оддалеченост од Сонцето и петта по големина во нашиот Сончев систем.

2. Од Сонцето е оддалечена 149,597,891 километри.

3. Со 12.742 километри должина, пречникот на планетата Земја е само неколку илјади километри поголем од пречникот на планетата Венера.

4. Четирите годишни времиња на планетата Земја се резултат на нејзината ротација околу оската.

5. Должината на годината на Земјата изнесува 365 дена, 6 часа и 16 минути.

6. Океаните заземаат речиси 70 отсто од Земјината површина.

7. Минималната температура измерена на планетата Земја е -87.8 степени Целзиусови максималната 57.8 степени Целзиусови.

8. Свежата вода постои во течна состојба само во тесен температурен распон од 0 до 100 степени Целзиусови.

9. Присуството и дистрибуцијата на водената пареа во атмосферата е одговорно за поголемиот дел од временските непогоди на Земјата.

10. Атмосферата близу површината до земјата се состои од 78 отсто азот, 21 отсто кислород и 1 отсо останати состојки. Ваквата атмосфера влијае на Земјината долгорочна клима и краткорочното локално време, нѐ штити од речиси сите штетни зрачења кои што доаѓаат од Сонцето и од метеорите.

*Од географската секција:* ***Ајша Јакупоска***

## 8 НЕВЕРОЈАТНИ ФАКТИ ЗА ПУСТИНАТА САХАРА КОИ СИГУРНО НЕ СТЕ ГИ ЗНАЕЛЕ



1. Сахара некогаш била зелена

2. Сахара денес е 10 пати посува отколку во минатото

3. Годишното количество врнежи изнесува од 0 до 250 mm

4. Најпознати ветрови се пасатите (камсин и хармантан)

5. Сувите речни корита се викаат вади.

6. Оазите се единствени зелени места во пустината каде има вода и услови за живот.

7. Во Сахара живеат хамитски народи: Бербери и Туарези.

8. Густината на населеност изнесува 1 жител/ 4 $км^2$

*Од географската секција:* ***Рахмина Куртовска***

# ИНТЕРЕСНИ ФАКТИ

## ИСТОРИЈА

### НЕКОЛКУ ИНТЕРЕСНИ ФАКТИ ШТО ЌЕ ЈА ПРОМЕНАТ ВАШАТА ПЕРСПЕКТИВА ЗА МИНАТОТО



1.Пирамидите биле толку стари, што и самиот Тутанкамон веро- атно ги гледал како „древни“.

2. Некои дрва од видот џиновска секвоја се постари и од пирамидите.



3.И покрај тоа што нејзиното семејство владеело со Египет стотици години, Клеопатра била првата од нив што го научила египетскиот јазик.

4.Од 11-те најсмртоносни војни во сторијата, 9 се одвивале во Кина.

5. Оригинално пирамидите биле покриени со бел мермер, а врвовите им биле обложени со 24-каратно злато.

6. Советските војници користеле кучиња на кои имало прикачено експлозив како оружје против тенковите. Но, понекогаш кучињата се. враќале и експлодирале помеѓу нив

Историја: ***Рахмина Куртовска***

## ФОЛКЛОРНАТА ГРУПА ПРИ НАШЕТО УЧИЛИШТЕ, НАШ АМБАСАДОР ВО ЗЕМЈАВА И СТРАНСТВО




МАЈСКИ КОНЦЕРТ—ДЕБАР

**ФОЛКЛОРНАТА ГРУПА „ СКУДРИЊЕ“ СО СВОИТЕ АКТИВНОСТИ И НАСТАПИ Е ВИСТИНСКИ ПРОМОТОР И АМБАСАДОР НА КУЛТУРАТА, ОБИЧАИТЕ И ТРАДИЦИЈАТА НА СКУДРИЊЕ И ДОЛНОРЕКАНСКИОТ КРАЈ ШТО Е ПОКАЗАТЕЛ ЗА МНОГУБРОЈНИ НАСТАПИ ВО ЗЕМЈАВА И СТРАНСТВО КАКО И ПОКАНИ ЗА СЛЕДНИ НАСТАПИ ПОД РАКОВОДСТВО НА ПРОФ. БЕШИР РАМАДАНИ**

**ДЕН НА ОПШТИНАТА**




**МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ—ДОЛНЕНИ,**




**8 СЕПТЕМВРИ—СТРУГА**



**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО—МАВРОВО**





**ПОД ОТВОРЕНО НЕБО—ГОСТИВАР**



**ВИДОР—РЕПУБЛИКА ИТАЛИЈА**

# НА ПАТОТ КОН УСПЕХОТ—ДОСТОЈНИ РЕПРЕЗЕНТИ НА НАШЕТО УЧИЛИШТЕ

## УЧИЛИШНИОТ ХОР И ОРКЕСТАР



РЕГИОНАЛЕН НАТПРЕВАР—ТЕТОВО


Република Македонија
Здружение на музичките педагози на Република Македонија
доделува
ДИПЛОМА
на
ООУ Блаже Конески - Скудриње
за учество на Регионален натпревар
I дисциплина оркестар
за освоено I место 96 бода
Наставник Бешир Рамадани
Претседател
М.П.

ДРЖАВЕН НАТПРЕВАР—КАВАДАРЦИ




**СО ГОРДОСТ СЕ ЗБОРУВА ЗА НАШИОТ ОРКЕСТАР, ЗА НЕГОВИТЕ НАСТАПИ, ОСВОЕНИ НАГРАДИ, НЕГОВАТА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА КУЛТУРНИ НАСТАНИ , ПАТРОНИ ПРАЗНИЦИ, ЗНАЧАЈНИ ДАТУМИ, ЈУБИЛЕЈИ И НАТПРЕВАРИ**




ДРЖАВЕН НАТПРЕВАР—СКОПЈЕ


Република Македонија
Здружение на музичките педагози на Република Македонија
доделува
ДИПЛОМА
на
ООУ „Блаже Конески" - Скудриње
за учество на државен натпревар
дисциплина прва категорија оркестар-блок флејти
за освоено I место 96 бода
Наставник Бешир Рамадани
Во учебната 2018/2019 г.
М.П.
Претседател



ДЕН НА ОПШТИНАТА




**ПРОФ. БЕШИР РАМАДАНИ**